# МИЛТОН ГЛЕЈЗЕР

# МИЛТОН ГЛЕЈЗЕР

ЦЕНТАР ЗА КУЛТУРА И ИНФОРМАЦИИ
СКОПЈЕ
6 – 17 МАРТ 1979

Изедначување на графичкиот дизајн со уметноста, односно борбата меѓу наменското и ненаменското во склоп на визуелното производство, изгледа непомирливо. Па сепак нивото на креативноста, доменот на пораките и информирањето а не само одразувањето духот на времето кај Милтон Глејзер се толку очевидни што секако доведуваат до дилеми. Не само затоа што во текот на историјата било тешко точно да се одредат границите и домените, туку и затоа што актуелната уметност бара потреба за пренесување на пораки поставувајќи го нејзиното обликување во втор план.

Префрлувајќи го, заради тоа, Милтон Глејзер од категоријата дизајнер и илустратор во категоријата уметник - може да се согледа преку неговите дела, непостоење на крајно потребна ангажираност за современата уметност. Иако делува во друштвени средини, многу важни, неговиот допринос се согледува во подигање на инаку баналната графичка продукција на што повисоко ниво за изразито интелектуализираниот граѓанин - потрошувачот. Меѓутоа, дури и најстрогата критика го издвојува Глејзер во светски размери во склоп на нашето време по способност за реактивирање на визуелното искуство од минатото. Секогаш со нови интерпретации, тој допринесува за одредување на ова време преку феноменот губење на стил. Се чини како да и тој со промените во својата работа го дели многурадикално формираното мислење на Борис Бучан: "Fach-Idiot = Stil".

## УВОД

Многу е тешко да се дефинира Милтон Глејзер, бидејќи тој бега од тоа, сигурно заради фактот да дури и со наједноставната импликација ја избегне секоја присилба. Кога се направи обид да се наметне Глејзеров белег и дух врз Push Pin-от, набрзо се покажа дека конечно е направен чекор напред, раката на уметникот и раката на дизајнерот постанаа нераздвојни. ''Во почетокот на мојата кариера постоеше јасна разлика меѓу дизајнер и илустратор. Меѓутоа, многу мал број илустратори имаа точна идеја за дизајнот а од друга страна многу малку дизајнери се бавеа со илустрација. Но јас одсекогаш посакував да, што е можно повеќе, го контролирам изведувањето на своите дела, па затоа одбивав илустрацијата да му ја доверам на друг''.

Во тие први години Глејзеровиот ''стип'' е силно инспириран од многу сликовити и типографски вештини од крајот на 19 век и почетокот на 20. Не станува збор за некоја графичка археологија туку за еден вид на селективно истражување на загубеното, за реадаптација и изменување на графичките стилови на современ начин. Се појавува нов, прагматски пристап, кој не подлегнува на никаква крута идеологија. На секој графички приблем му пристапува како кон автономна целина. Одтогаш секое графичко решение може да го надмине или измени претходното решение, создавајќи при тоа нова тенденција на визуелниот јазик. Глејзер не се обидува да наметне доминантна, воспоставена митологија. Напротив, откривајќи и развивајќи нова слика, тој едновремено изградува сопствена митологија која непрестано еволуира: ''Секое ново дело може да биде издвоена креација за себе, но таа бара автентично промислено решение'', вели Глејзер. Од почетокот на неговата кариера, разбирањето на историјата и нејзините естетски традиции му овозможуваат на Глејзер да го препознае тоа што постои или непостои во нив, или тоа што не е погодно за барање на решение. Таков начин на работа е оквалификуван како еклектицизам. Глејзеровиот пријател Џером Снајдер одговара: ''Ако Глејзер е еклектичар, тогаш тоа е облик на неговата посебна филозофија и континуитет во графичкиот израз'', и додава: ''...пред бројните сили кои играат улога во современото општество, стилот постанува постојана иновација и вистински жива уметност''.

Сигурно е дека таа еклектичка визија, таа филозофија на разбивање на идеите на сегашниот и единствениот стил, бидејќи тоа е нешто најефемерно, доведува до одделување на уметноста од животот, и силно се чувствува во становиштето на тие шеесетти години кога Глејзер, а заедно со него и целокупната машинерија Push Pin, наидоа на добар прием. Меѓутоа, таквото мислење не го одразува она движење на вредноста кое ги означувало сите визуелни уметности уште од крајот на педесеттите години, посебно во сликарството, со делата на Џаспер Џонс, Роберт Раушенберг, потоа Клис Олденбург, Рој Лихтенштајн или Џим Рајн, што набрзо ќе се нарече Поп-арт, каде, во секој случај, ќе се согледа природното потомство на Дучам и дадаизмот кој што емигрира.

Во шеесеттите години започнува, исто така, и ера на ''ретростилови'' или обнова. Дадаизмот не е мртов. Надреализмот преживува и всушност го продолжува своето постоење преку реклама или илустративна графика. Се враќа Art-nouveau и се наговестува Art Deco. Доволен ќе биде само еден чекор па да се вратиме на педесеттите години. Глејзер, еден вид ''гуру'' на студиото Push Pin, не ќе биде единствениот кој го согледува и искористува тој феномен, изразувајќи се сосем свесно и јасно. На другиот крај на Соединетите Држави, во Калифорнија, психоделичните креации на Виктор Москос, Вес Вилсон и другите од школата во Сан Франциско, во стил кој брзо се шири, и покрај слабата читливост и релативната некохерентност, ги искористуваат бројните културни компоненти на дадениот момент, од надреализам до Art nouveau преку Оп-арт, со постојано чувство за декадентност и истовремена безбедност, се појавува силен бран кој набрзо нестанува како и заедницата што е формирана и која друштвото едноставно ја рекуперира.

Глејзеровиот еклектицизам сигурно не е последица на некој ретро-феномен на сегашната епоха. Напротив, Глејзер го одбива секое присилување. Целото негово битие како и неговиот стил постојано тежат кон развиток. Можеби тоа е една од причините поради кои неодамна го напушти Push Pin. Тоа не беше разделба туку само логична еволуција, дополнителен начин да ја одбегне историјата како би можел да остане слободен и променлив, но останувајќи притоа секогаш свесен. ''Извонредниот развој на графичката уметност ја расклинка идејата за јасно одреден стил. Денес, во графичката уметност, творецот располага со големо количество материјал на кој наидува насекаде. Покрај тоа, ги познава сите дела на своите современици од сите земји и тоа од моментот на нивното создавање. Резултатот од тоа симултано излагање е паралелниот развој со графичкиот идиом што се карактеризира со употребата на пародија, парафрази и иронија, неспоредива интерпретација на стилови и идеи. Карактеристика на нашата епоха е мешање на ''чистата'' со применетата уметност. Врската меѓу овие две активности постанува се послаба, исто онака како што се бришат разликите меѓу уметноста и техниката''.

Неможе да се биде поексплицитен. Не е ништо чудно кога Глејзер се обидува да им објасни на студентите од школата за визуелни уметности во Њујорк, каде предава од 1959 година, дека стилот не треба да се смета за крајна цел, туку единствено начинот на изразување и притоа се повикува на Пикасо кој алтернативно бил натуралист, кубист, надреалист и целокупен еклектик во термини и стил, па така ''покажал дека нема посебно предимство ако се ужива во еден единствен стил''.

Што се однесува до разновидноста на неговите референцијални извори и различни хоризонти, тој има вакво толкување: ''Секогаш живеев и работев во Њујорк. Во однос на останатиот дел на Америка, која се протега на запад, и Европа, која се протега према исток, Њујорк има положба на светилник. Јас сум од европско потекло. Родителите ми се од Унгарија. Па така, покрај Њујорк, потекнувам од две европски заедници. Њујорк е светски центар на комуникации и информации, а разновидноста на моите дела е секако, донекаде, условена од тоа мое работно место. Фактот дека сум Евреин треба, исто така, да се наведе, барем кога се одредувам за моето културно наследство. Без прецизен идентитет, еднакво сум отворен на сите американски манифестации како и на европските''.

Наоѓајќи се така мегу малку поединци кои на подрачјето на модерната графика умееле да црпат од целата историја на уметноста и техничките облици, Глејзер успеал да открие колку и е тешко на широката публика да ја разбере новоста и како новото некомплетно се прецизира во сегашноста. Тој се чувствувал задолжен да го спои видливиот украс на некоја иновација со она што публиката веќе го имала прифатено, како би можел повторно да создава нов јазик и речник кој би бил доволно пристапен со своето богатство, но кој едновремено би бил одраз на современиот сензибилитет во неговата севкупна комплетност.

Вандербик (постер за Школата за визуелни уметности) 1967





sculpture, rollings, wooden boxes, and collages.

March 29th to Friday, April 22nd Monday through Thursday 10 a.m. to 9 p.m. Friday, 10 a.m. to 4 p.m

Графика Push Pin (2 фигури) (оригинален цртеж) 1967



Тажен пес (постер за Оливети) 1970



Миланска графика (постер на Школата за визуелни уметности) 1966




Архитектонска скулптура (постер на Школата за визуелни уметности) 1967




Peace Works

ПРАЗНИК (корица за списание) 1967



Махалија Џексон (скица)     1965






ATLANTIC
SD 18137

© Copyright The Wiz Company

Отровно пенкало (постер на Школата за визуелни уметности) 1966

**The Poison Pen**



**Viperous drawings by**
**R. O. Blechman**
**William Charmatz**
**Seymour Chwast**
**Jules Feiffer**
**Jean Michel Folon**
**David Levine**
**Jerome Snyder**
**Edward Sorel**
**Roland Topor**
**Tomi Ungerer**

**Friday,**
**November 19th through**
**Friday,**
**December 17th**
**The Visual Arts Gallery**
**209 East 23rd Street**
**New York City**
**Monday through**
**Thursday**
**10 a.m. to 9 p.m.**
**Friday, 10 a.m. to 4 p.m.**

Биографија:

Милтон Глејзер е роден 1929 година во Њујорк каде и денес работи. Потекнува од еврејско семејство кое дошло од Унгарија. Дипломирал на Cooper Union Art School во 1951 година, а специјализирал гравура кај Џорџ Моранда во Болоња, Италија. Во 1954, го основа студиото Push Pin со Сејмур Цваст и други колеги и со нив ја издава стручната публикација The Push Pin Graphic. Од 1959 предава во Школата за визуелни уметности во Њујорк, во кое време е и соосновач и претседател на списанието New York и уметнички директор на весникот Village voice. Во 1968 година ја добива титулата "најголем дизајнер во светот" што му ја доделија студентите на Royal College of Art во Лондон. Музејот на модерна уметност изложува негови дела меѓу оние кои се одбрани по најстрог критериум. Ревијата Print го вбројува во 14-те најголеми графичари на ова столетие а на изложбата "Призори од една ера: Американскиот постер 1945-1875" завзема важно место. Покрај најразлични и бројни графички зафати, тој ја подготвувал и насловната страница на списанијата Time, Life, New York и West. Во 1974 година оди од Push Pin и одтогаш работи самостојно.

| | НАСЛОВ НА ДЕЛАТА | ГОДИНА |
|---|---|---|
| 1. | Роденденска прослава (оригинален цртеж) | 1967 |
| 2. | Мајами регата (Sports Illustrated) | 1965 |
| 3. | Вандербик (постер за Школата за визуелни уметности) | 1967 |
| 4. | Џек Руби (корица за списание) | 1965 |
| 5. | Гевара (корица за списание) | 1970 |
| 6. | Препливано "Лебедово езеро" (корица за списание) | 1971 |
| 7. | Гозба во подземјето (омот за книга) | 1965 |
| 8. | Ришеље (омот за книга) | 1968 |
| 9. | Џон Стуарт Мил (омот за книга) | 1966 |
| 10. | Кар: "Вештеркино гнездо" (омот за книга) | 1968 |
| 11. | Нешто нежно (омот за книга) | 1969 |
| 12. | Јулиј Цезар (омот за книга) | 1962-63 |
| 13. | Ричард III (омот за книга) | 1962-63 |
| 14. | Перикле (омот за книга) | 1962-63 |
| 15. | Сон во летната ноќ (омот за книга) | 1962-63 |
| 16. | Костеново дрво (омот за книга) | 1967 |
| 17. | Надреализам (оригинален цртеж) | 1969 |
| 18. | Добредојдовте во клубот (омот за книга) | 1967 |
| 19. | Наполеон (омот за книга) | 1964 |
| 20. | Кри (корица за списание) | 1970 |
| 21. | Отпечаток (корица за списание) | 1971 |
| 22. | Махалија Џексон (скица) | 1965 |
| 23. | Фалстаф (омот за грам. плоча) | 1974 |
| 24. | Фалстаф (омот за грам. плоча) | 1974 |
| 25. | Рамо: "Храбри индијанци" (омот за грам. плоча) | 1974 |
| 26. | Рамо: "Храбри индијанци" (омот за грам. плоча) | 1974 |
| 27. | Хонк (омот за грам. плоча) | 1974 |
| 28. | Две чембала (омот за грам. плоча) | 1973 |
| 29. | Звук од Харлем (омот за грам. плоча) | 1965 |
| 30. | Скица за "Театарот на сенките" (постер на Школата за визуелни уметности) | 1967 |
| 31. | Отровно пенкало (постер на Школата за визуелни уметности) | 1966 |
| 32. | Твен (постер на Школата за визуелни уметности) | 1966 |
| 33. | Архитектонска скулптура (постер на Школата за визуелни уметности) | 1967 |
| 34. | Миланска графика (постер на Школата за визуелни уметности) | 1966 |
| 35. | Заедничко дело (постер на Школата за визуелни уметности) | 1967 |
| 36. | Роберт Делпајар (постер на Школата за визуелни уметности) | 1967 |
| 37. | Приватна печатница (постер на Школата за визуелни уметности) | 1967 |
| 38. | Уметност во Америка (корица за списание) | 1965-66 |
| 39. | Асимов: "Дон Жуан" (омот за книга) | 1972 |
| 40. | Композитори во природа (оригинален цртеж) | 1974 |
| 41. | Звуци од Њу Орлеанс (омот за грам. плоча) | 1965 |
| 42. | Тажен пес (постер за Оливети) | 1970 |
| 43. | Ликови на уметници (оригинален цртеж) | 1970 |
| 44. | Театарот на сенките (постер на Школата за визуелни уметности) | 1967 |
| 45. | Тенеси Вилијамс (корица за списание) | 1965 |
| 46. | Асимов: "Дон Жуан" (омот за книга) | 1972 |
| 47. | Хесе покрај маса (оригинален цртеж) | 1974 |
| 48. | Хесе: Портрет со цвеќе (оригинален цртеж) | 1974 |
| 49. | Молња (омот за грам. плоча) | 1970 |
| 50. | Графика Push Pin (2 фигури) (оригинален цртеж) | 1967 |
| 51. | I дел, Калифорнија (постер на Школата за визуелни уметности) | 1968 |
| 52. | Медиум (омот за грам. плоча) | 1969 |
| 53. | Утопија (сито тисок) | 1974 |
| 54. | Еколошки постер (Тоа си што јадеш) | 1967 |
| 55. | Арета (постер) | 1966 |
| 56. | Кинеска пиљарница (постер) | 1973 |
| 57. | Палета со дугини бои (постер на Школата за висуелни уметности) | 1966 |
| 58. | 25о курсеви, нашиот факултет нуди курсеви по емпатија (постер на Школата за визуелни уметности) | 1971 |
| 59. | Обоена глава (постер на Школата за визуелни уметности) | 1965 |
| 60. | Тажен пес (постер во боја за Оливети) | 1970 |
| 61. | Виолински клуч (постер за музичкиот фестивал Амблер) | 1969 |
| 62. | Дајлан (постер) | 1966 |
| 63. | Јохан Себастијан Бах (постер) | 1971 |

64. НАРАС (постер) 1971

65. Печен компир (оригинален цртеж) 1971

66. Уметност, љубов, време и пари (постер на Клубот на уметнички директори) 1968

67. Олимпиа и Олие (сито тисок) 1974

68. Честитка (постер- божиќна честитка) 1968

69. Риба на небо (книга и омот) 1971

70. Чоколадо (корица за книга) 1968

71. Серија за лекови: I дел (сито тисок)

72. Серија за лекови: II дел (сито тисок)

73. Серија за лекови: III дел (сито тисок)

74. Серија за лекови: IV дел (сито тисок)

75. Серија за лекови: V дел (сито тисок)

76. Еден ден кумпјутерите ќе зборуваат (Серија за компјутери:I дел) 1970

77. Серија за компјутери: II дел 1970

78. Серија за компјутери: III дел 1970

79. Серија за компјутери: IV дел 1970

80. Хесе: Автобиографски текстови (цртеж) 1972

81. Хесе: Росхалде (цртеж) 1972

82. Хесе: Патување на исток (цртеж) 1973

83. Хесе: Ако војната продолжи (цртеж) 1973

84. Хесе (оригинален цртеж) 1972

85. Хесе (оригинален цетеж) 1972

86. ОГРИЗОК (омот за книга) 1972

87. Пејсаж - Сонце и облаци (омот за книга) 1969

88. Дон Рунди триото кај ''Бакар Потато'' (омот за грам. плоча) 1972

89. Печен компир (омот за грам. плоча) 1970

90. Дон Кихот (омот за грам. плоча) 1966

91. Звуци од Њу Орлеанс (омот за грам. плоча) 1965

92. ПРАЗНИК (корица за списание) 1967

93. Риба на небо (оригинален цртеж) 1971

94. Школа за визуелни уметности: 1 отисок и 1 слика (постер) 1969

95. Од жал со љубов (постер) 1969

96. Валентајн (постер за Оливети) 1970

97. Дик Грегори (постер) 1970

98. Повеќето од Моцарт (сито тисок) 1973

99. Пет вида на хартија за писма 1970

100. Херкулес (оригинален цртеж) 1974

101. Магбет (омот за книга) 1962-63

102. Кинеска пиљарница 1972

103. Френк Рот (постер) 1973

104. Дај те и шанса на земјата (постер) 1970

105. Уметнички постер 1969

106. Планета (постер) 1974

107. Руска чајџилница (постер) 1972

108. Трета годишница на ВБАИ (постер) 1975

109. Махалија Џексон (2 постера) 1967

110. Откријте ја волчата замка (постер) 1975

111. Симон и Гарфанкел (постер) 1966

112. Светски ден на штедењето (постер) 1975

113. Фолон (хартија за писмо) 1970

114. Свирач (постер) 1968

115. Голем акт (постер) 1969

116. Жонглер:''Нашето време захтева повеќе-струки кариери'' (постер на Школата за визуелни уметности)

117. Работи во прилог на мирот (постер) 1972

118. Алберт Кинг: Љубовен товар (омот за грам. плоча) 1975

119. Музички фестивал на универзитетот Темпл (постер) 1967

120. Маѓепсникот од Оз (омот за грам. плоча) 1975

121. Десетти интернационален фестивал во Монтереј (постер) 1976

122. Јан Хамер (омот за грам. плоча) 1975

123. Јан Хамер (омот за грам. плоча) 1975

124. Озборување (корица за списание) 1976

125. Ролинг Стоун (корица за списание) 1975

126. Конфети (постер за Оливети) 1975

127. Алберт Кинг (постер) 1976

Издава: Американска амбасада од Београд